**20212984674**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАЗВОЈ, ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

Се прогласува Законот за развој, производство и промет на воени стоки,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2021 година.

Бр. 08-5527/1
27 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА РАЗВОЈ, ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршењето на развој, производство и промет на воени стоки, како дејности од интерес за одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија, условите и постапката за добивање согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки, дозволи и сертификат за имплементација на програма за внатрешна усогласеност, обврските на лицата вклучени во развој, производство и промет на воени стоки, надлежностите на органите вклучени во постапките во врска со развој, производство и промет на воени стоки, како и заштитата и безбедноста на развојот, производството и прометот на воени стоки.

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „**Воени стоки**“ се стоки, вклучувајќи и софтвер и технологија, кои се развиени, произведени, составени или изменети за воена намена, а се наведени во Националната контролна воена листа;

2. „**Ознака ML**“ значи единечна категорија на воени стоки од Националната контролна воена листа во која се наведени категориите означени со ML ознаки ("ML:military list code");

3. „**Лице**“ е секое домашно физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;

4. „**Согласност**“ е акт на Владата на Република Северна Македонија, односно Министерството за економија, донесен во постапка уредена со овој закон, со кој се дозволува вршење развој и производство на воени стоки, односно промет на воени стоки;

5. „**Развој**“ се сите фази пред сериското производство на воени стоки, како што се: проектирање, проектно истражување, проектна анализа, идејни решенија, изработка, составување и испитување на прототипи, пробно производство, проектни податоци, процес за претворање на проектните податоци во производ, проект за конфигурирање или модификација, проект за интегрирање и техничка документација;

6. „**Производство**“ се сите фази на производството на воени стоки, како што се: инженеринг, изработка, составување на краен производ, ремонт и контрола на квалитет на производот;

7. „**Модификација**“ е преправка, доработка на постојни воени стоки со цел пренамена на истите, или значително подобрување на постојните карактеристики на воените стоки, со замена и вградување на дополнителна опрема;

8. „**Ремонт**“ се активности кои се извршуваат на воени стоки поради одржување и подобрување на нивните технички и функционални карактеристики;

9. „**Промет**“ се дејствија во надворешното трговско работење, како извоз, повторен извоз, увоз, повторен увоз,привремен извоз, привремен увоз и транзит на воени стоки, како и обезбедување услуги за воени стоки, дејствија во домашното трговско работење, и тоа купување и продажба на воени стоки во Република Северна Македонија, како и електронски пренос на софтвер и технологија;

10. „**Услуги за воени стоки**“ се: брокерски услуги, техничка помош и превоз на воени стоки. Услугите за воени стоки се вршат врз основа на согласност за промет на воени стоки и соодветни дозволи согласно со овој закон;

11. „**Даватели на услуги**“ се лица кои даваат услуги во делот на брокерските услуги, техничката помош и превозот на воени стоки;

12. „**Брокерски услуги**“ се преговарање или договарање на трансакции за купување, продавање или набавка на воени стоки од една во друга земја, како и продавање или купување на воени стоки кои се наоѓаат во една земја за нивен пренос во друга земја;

13. „**Брокер**“ е трговско друштво или трговец-поединец кој врши брокерски услуги;

14. „**Помошни услуги**“ се услугите на превоз, финансиски услуги, осигурување или реосигурување, рекламирање и промоција. Помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги;

15. „**Техничка помош**“ е секоја техничка поддршка во врска со поправка, развој, производство, составување, испитување, атестирање и реатестирање, одржување, уништување или каква било друга техничка услуга понудена за воени стоки, а која може да биде и во форма на инструкции, обука, пренесување на работно знаење или вештини или советодавни услуги, вклучувајќи и усно обезбедена помош;

16. „**Давател на техничка помош**“ е домашно или странско физичко или правно лице кое има добиено согласност за вршење промет на воени стоки и има добиено дозвола за обезбедување услуги за воени стоки и кое обезбедува техничка помош, независно од тоа каде има седиште;

17. „**Превоз**“ се дејствијата на договарање превоз, овозможување превоз, давање помошни услуги за превозникот и превезување на воени стоки помеѓу две земји согласно со договор за нивно движење;

18. „**Превозник**“ е секое лице кое обезбедува услуги на превоз надвор од Република Северна Македонија;

19. „**Преместување**“ е преместување на воени стоки од едно кај друго правно лице во рамките на една земја/царинско подрачје со помош на какво било средство, вклучувајќи и електронски пренос на софтвер и технологија;

20. „**Транзит**“ е преместување или превоз на воени стоки од една во друга земја при што стоките минуваат низ царинско подрачје на Република Северна Македонија вклучувајќи и претовар;

21. „**Електронски пренос на софтвер и технологија**“ е пренос на софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство, надвор од територијата на Република Северна Македонија, односно на територијата на Република Северна Македонија, што вклучува и овозможување електронски пристап до софтверот и технологијата од страна на лица надвор од територијата на Република Северна Македонија, односно на територијата на Република Северна Македонија, и вербален пренос на технологија кога технологијата е опишана преку телефон или преку кое било средство за електронска комуникација;

22. „**Дозвола**“ е документ кој го издава Министерството за економија врз основа на поднесено писмено барање согласно со одредбите од овој закон, на лице кое има добиено согласност за вршење промет на воени стоки согласно со овој закон;

23. „**Индивидуална дозвола**“ е документ која му се издава на конкретен извозник, увозник, лица одговорни за транзит/носители или давател на услуги за еден краен корисник или еден примач и опфаќа една или повеќе воени стоки или услуги за воени стоки;

24. „**Глобална дозвола**“ е документ кој му се издава на конкретен извозник, увозник, лица одговорни за транзит/носители или давател на услуги за некој вид или категорија на воени стоки и која може да важи за увоз, извоз или транзит кон еден или повеќе наведени крајни корисници, односно една или повеќе наведени земји;

25. „**Генерална дозвола**“ е документ за извоз, увоз или транзит на одредени воени стоки или давање на услуги за воени стоки за конкретни земји на крајно одредиште кој се издава за сите извозници, увозници, лица одговорни за транзит/носители и даватели на услуги кои ги почитуваат нејзините услови и ги исполнуваат обврските наведени во генералната дозвола;

26. „**Крајна употреба**“ е:

- вклучување на воени стоки од Националната контролна воена листа,
- употреба на опрема за производство, испитување или анализа на нејзини составни делови заради развивање, производство или одржување на воени стоки наведени во Националната контролна воена листа и
- употреба на какви било незавршени производи во постројки за производство на воени стоки наведени во Националната контролна воена листа;

27. „**Сертифицирано правно лице**“ е правно лице кое поминало и успешно завршило постапка за сертификација, со цел да се потврди неговата доверливост во врска со воени стоки, особено во однос на исполнување на законските услови утврдени со овој закон и капацитетот да ги исполни обврските и ограничувањата во врска со прометот со воени стоки, како и да ја имплементира Програма за внатрешна усогласеност;

28. „**Програма за внатрешна усогласеност**“ е документ за воспоставување на ефективни, соодветни и пропорционални мерки и процедури наменето за правните лица;

29. „**Меѓународен сертификат за увоз**“ („International Import Certificate“) е документ кој го издава надлежен државен орган во земјата на увозникот, со кој се потврдува намерата на увозникот да ја увезе воената стока во земјата на увоз, а потоа таа стока да не се извезе во друга земја без одобрение од истиот надлежен државен орган во земјата на увозникот;

30. „**Потврда за извршена испорака**“ („Delivery Verification Certificate“) е документ кој го издава надлежен државен орган во земјата на испорака, со кој се потврдува примателот, приемот и видот и количината на воената стока предмет на испорака;

31. „**Потврда за краен корисник**“ („End-User Certificate“) е документ издаден од крајниот корисник, со кој се потврдува дека воената стока која ќе биде примена кај крајниот корисник е наменета за сопствени потреби и гарантира дека истата нема да се користи за друга цел и извезува на трети лица без согласност на земјата извозник.

Член 3

Развојот, производството и прометот на воени стоки подлежат на контрола заради заштита на одбраната и безбедноста, економските интереси и надворешно-политичките интереси на Република Северна Македонија, во насока на зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и исполнување на меѓународните обврски на Република Северна Македонија.

Член 4

Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Влада), на предлог на Министерството за економија (во натамошниот текст: Министерство), по претходно добиени мислења од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, ја донесува и ажурира Националната контролна воена листа и ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Националната контролна воена листа ја опфаќа Заедничката воена листа на Европската унија, како и воените стоки кои подлежат на контрола од причини поврзани со одбраната и безбедноста на државата.

Член 5

Забрането е вршење развој, производство и промет на воени стоки во случај на постоење основи за сомневање дека воените стоки можат целосно или делумно да бидат употребени за развој, производство, користење, одржување, складирање, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, за средства за испорака на такво оружје за воени или терористички цели, во крајни одредишта кои се под ембарго, или за цели со кои се загрозува државната безбедност на Република Северна Македонија.

За постоењето на основи за сомневање од ставот 1 на овој член, лицата добиваат известување од Министерството или друг надлежен државен орган.

Извозот, транзитот или давањето услуги за воени стоки за одредишта кои се под ембарго може да се изврши единствено доколку соодветните меѓународни рестриктивни мерки дозволуваат таков промет во исклучителни околности, при што Министерството издава индивидуална дозвола за трансакцијата по претходно мислење од Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозволи за вршење промет на воени стоки (во натамошниот текст: Комисија).

Забрането е вршење на развој, производството и промет на воени стоки чија употреба е забранета со меѓународни конвенции.

Член 6

Развој на воени стоки вршат лица кои добиле согласност од Владата за вршење развој на воени стоки во согласност со овој закон.

Производство на воени стоки вршат лица кои добиле согласност од Владата за вршење производство на воени стоки во согласност со овој закон.

Промет на воени стоки вршат лица кои добиле согласност од Министерството за вршење промет на воени стоки во согласност со овој закон и кои добиле дозвола во согласност со овој закон.

Член 7

Странски правни лица врз основа на инвестициска програма, по претходно добиена согласност, можат да вложуваат средства кај домашни правни лица кои се регистрирани за вршење развој и производство на воени стоки.

Согласноста од ставот 1 на овој член, Министерството ја издава врз основа на поднесено барање од странското правно лице, а по претходно добиени позитивни мислења од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Формата и содржината на барањето за издавање на согласност и потребната документација кон барањето за вршење на развој, производство и промет на воени стоки ги пропишува министерот за економија.

Член 8

Доколку со овој закон поинаку не е уредено, во постапките за издавање на согласности, дозволи, потврди и сертификати, се применува Законот за општата управна постапка.

## II. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

### Министерство за економија

Член 9

Министерството е надлежно за издавање на дозволи и сертификати за промет со воени стоки.

Министерството е надлежно за менување, ограничување, суспендирање, повлекување или поништување на издадените дозволи.

Член 10

Министерството прибавува информации, податоци, документација и докази од лица и институции, кои му се потребни за вршењето на работите предвидени со овој закон.

Министерството обезбедува заштита на доверливоста на сите информации, податоци, документација и докази добиени од лицата вклучени во развојот, производството и прометот на воени стоки.

Министерството не смее јавно да ги објавува документите со кои располага доколку лицето кое ги поднело навело дека информациите во документацијата се класифицирани, односно деловна тајна.

Одредбите од ставовите 2 и 3 од овој член не го попречуваат:

- користењето или размена на информации од страна на Министерството или Комисијата, заради извршување на нивните активности кои произлегуваат од овој закон и неговите подзаконски акти,
- користењето на информации во претходна или судска постапка, или заради извршување и постапување по судска пресуда,
- размената на информации со соодветни меѓународни организации или партнерски влади, во рамките на меѓународната правна соработка,
- размената или користењето на информации во други случаи предвидени со овој закон.

Член 11

За извршување на работите при утврдување на исполнетоста на условите за издавање на дозволите од овој закон, Министерството соработува со други органи на државната управа во Република Северна Македонија, како и со органи на други држави.

Член 12

Министерството врши периодично информирање на сите учесници во процесот на развојот, производството и прометот на воени стоки согласно со обврските кои ќе произлезат од членството на Република Северна Македонија во регионални и меѓународни организации за безбедности стабилност, за промовирање на транспарентност и поголема одговорност за нивниот трансфер, со цел да се овозможи усогласеност со одредбите од овој и друг закон.

Член 13

Министерството доставува до Владата годишен извештај за својата работа во однос на поднесените барања за издавање на дозволи и одбиени барања, а врз основа на информации добиени од Управата за наменско производство, орган на државната управа во состав на Министерството(во натамошниот текст: Управа).

Извештајот од ставот 1 на овој член, се доставува во текот на првото тримесечје на тековната година за претходната година и истиот се објавува на веб-страницата на Министерството.

Министерството доставува извештај за вршителите на развој и производство на воени стоки до Владата во првиот квартал на тековната година за претходната година.

**Управа за наменско производство при Министерството**

Член 14

Управата е вршител на стручните работи и мерки во врска со развојот, производството и прометот со воени стоки.

Член 15

Со Управата раководи директор, кој го именува и разрешува Владата.

Мандатот на директорот трае четири години со можност за повторен избор.

За именување на директорот на Управата се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на цела територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор на Управата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да има минимум пет години работно искуство;

5) да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

6) да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (CambridgeEnglish: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (CambridgeEnglish: Frist) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

Член 16

Управата ги има следниве надлежности:

- изработува, донесува и спроведува план и програма за ефективна примена на овој закон,
- изготвува предлози за ажурирање на Националната контролна воена листа,
- води постапка за издавање позитивни или негативни мислења за развој, производство, промет на воени стоки,
- води постапка за издавање дозволи и потврди во согласност со овој закон,
- спроведува процес за сертификација на правните лица во соработка со Комисијата за ПВУ,
- обезбедува и презема контроли на крајната употреба/крајниот корисник, спроведува инспекциски надзор за извршена испорака и има право да влезе во деловните простории за таквите цели,
- дава писмени опомени за корективни дејствија,
- води Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење развој на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење производство на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење промет на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени дозволи за промет на воени стоки, Регистар на издадени потврди и список на сертифицирани правни лица во согласност со овој закон,
- воспоставува и води сеопфатен информатички систем со база на податоци за воени стоки и за лица кои се занимаваат со развој, производство и промет за воени стоки;
- заради извршување на своите надлежности, формира работни групи во врска со конкретни прашања, каде своја помош и поддршка даваат соодветни државни институции, академската заедница, како и други лица,
- воспоставува и одржува координација, соработка, помош и споделување податоци со соодветни домашни и странски државни институции,
- спроведува информативни конференции, семинари и работилници за индустрискиот сектор, како и обуки за вработените со цел градење капацитети за делотворно спроведување на овој закон,
- ги информира правните лица за нивните обврски кои произлегуваат од овој закон,
- обезбедува административна и техничка поддршка за работењето на Комисијата,
- им дава стручна помош на правните лица во развојот на програми за внатрешна усогласеност со обезбедување на потребни информации и насоки и
- врши други работи кои се потребни за делотворно спроведување на одредбите од овој закон.

Член 17

Управата развива и одржува сеопфатен информатички систем со база на податоци за воени стоки и за лица кои се занимаваат со развој, производство и промет за воени стоки.

Пристапот до информациите содржани во базата на податоци од ставот 1 на овој член е ограничен.

Членовите и замениците на членовите на Комисијата имаат право на пристап до информациите од базата на податоци.

Управата ќе одобри пристап до информации содржани во базата на податоци на други органи на државната управа, доколку:

- за тоа имаат оправдан интерес,
- тоа не е во спротивност со Законот за класифицирани информации,
- со тоа не се повредува деловна тајна и
- со тоа не би можело да се наштети на интересите на лицето кое ги доставило информациите за кои се бара пристап.

**Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки**

Член 18

За разгледување на барањата за добивање на дозволи за вршење промет на воени стоки, Владата формира Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки.

Комисијата е составена од претседател, заменик-претседател, шест члена и шест заменици на членовите од претставници на: Министерство за економија, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Агенција за национална безбедност и Царинска управа на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Царинска Управа).

Во случај на отсуство на некој од членовите на Комисијата, правото на глас го има неговиот заменик.

Со Комисијата раководи претседател на Комисијата кој е претставник од Министерството.

Членот на Комисијата претставник од Министерството е и заменик на претседателот на Комисијата.

Комисијата ги врши следниве работи:

- ги разгледува барањата за добивање дозвола за вршење промет на воени стоки и дава мислење по доставените барања,
- дава иницијативи за уредување на прашања за вршење промет на воени стоки, со овој или со друг закон,
- остварува соработка со надлежни меѓународни институции и тела за прашања од нејзина надлежност и
- ја применува Националната контролна воена листа и се придржува кон рестриктивните мерки согласно со Законот за рестриктивни мерки.

Мислењата на Комисијата се даваат со согласност на сите членови на Комисијата.

Доколку институциите кои учествуваат во работата на Комисијата не можат да постигнат согласност во Комисијата и не можат да одлучат по барањето со консензус, Комисијата составува записник за различните мислења на членовите на Комисијата и во рок од пет дена истиот го доставува заедно со барањето и потребната документација до министерот за економија на одлучување.

Комисијата за својата работа донесува деловник.

Административно-техничките работи за потребите на Комисијата ги врши Управата.

**Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана и Агенција за национална безбедност**

Член 19

Министерството за внатрешни работи ги има следните надлежности:

- даваат мислења и учествуваат при донесување на подзаконски акти во согласност со овој закон,
- учествува во работа на меѓуресорски комисии и работни групи, поврзани со спроведување на подзаконски акти од овој закон,
- вршат други работи во согласност со овој закон.

Министерството за одбрана ги има следните надлежности:

- даваат мислење и учествува при донесување на подзаконски акти во согласност со овој закон,

- спроведуваат контрола на квалитетот на воени стоки за потребите на одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија,

- вршат контрола над спроведувањето на мерките за заштита и безбедност во производството и прометот на воени стоки и за утврдените недостатоци во најкраток рок писмено го известува Министерството,

- вршат други работи во согласност со овој закон.

Агенцијата за национална безбедност своите надлежности ги спроведува согласно со членот 8 став 1 алинеи 7 и 10 од Законот за Агенција за национална безбедност.

## III. СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ РАЗВОЈ, ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

### Надлежен орган

Член 20

Согласност за вршење развој и производство на воени стоки во Република Северна Македонија дава Владата, под услови и во постапка пропишани со овој закон.

Решение за согласност за вршење промет на воени стоки во Република Северна Македонија, донесува министерот за економија, под услови и во постапка пропишани со овој закон.

### Општи услови за добивање на согласност

Член 21

Со развој и производство на воени стоки може да се занимаваат само правни лица запишани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар).

Со промет на воени стоки може да се занимаваат лица запишани во Централниот регистар.

Одговорните лица на правните лица запишани во Централниот регистар од ставовите 1 и 2 на овој член, се лица кои треба да имаат живеалиште на територијата на Република Северна Македонија, освен доколку со ратификуван меѓународен договор согласно со Уставот на Република Северна Македонија поинаку не е пропишано.

### Посебни услови за добивање на согласност

Член 22

Вршителите на развој, производство и промет на воени стоки треба да ги исполнуваат следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има живеалиште на територијата на Република Северна Македонија, кое го докажува со важечка лична карта,

- да е здравство способен да ракува со воени стоки, што се докажува со лекарско уверение не постаро од шест месеци,

- да имаат вработено или ангажирано стручни лица кои имаат познавање од оваа дејност (лице кое има високо образование и тоа: воена академија, технички науки, факултет за безбедност или филозофски факултет група одбрана) и ќе бидат одговорни за обезбедување на документи и акти, усогласени со овој закон и прописите кои се однесуваат на дејностите во врска со воените стоки,

- при поднесување на барањето за издавање на согласност лицето не е правосилно осудувано или против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност, освен за кривично дело предизвикување сообраќајна несреќа во патниот сообраќај, а е сторено од небрежност, што резултира со телесна повреда или материјална штета,

- во последните пет години пред поднесување на барањето за издавање на согласноста на лицата да не им била утврдена одговорност за прекршување на меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија,

- против лицето и одговорното лице на правното лице да не е отворена прекршочна или кривична постапка поврзана со државната безбедност,

- против лицата и одговорното лице на правното лице со правосилна пресуда да не е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Вршителите на развој и производство на воени стоки покрај условите од ставот 1 на овој член треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да располагаат со соодветна техничко-технолошка опременост и заштита на развојот и производството на воените стоки,

- да располагаат со простории за сместување и чување на воените стоки,

- да имаат воспоставена контрола на квалитет.

Вршителите на развој на воени стоки покрај условите од ставовите 1 и 2 на овој член, треба да поседуваат и соодветни развојни капацитети, а вршителите на производство соодветни производни капацитети.

Министерот за економија поблиску ги пропишува условите коишто треба да ги исполнуваат развојните и производните капацитети односно вршителите на развој и производство.

Член 23

Стручниот кадар кој ракува со класифицирани информации кај вршителите на развој, производство и промет треба да ги исполнува условите за ракување со класифицирани информации согласно со Законот за класифицирани информации.

**Постапка за добивање на согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки**

Член 24

За добивање на согласност за вршење развој, производство и промет заинтересираните лица поднесуваат барање со придружна документација до Управата.

Управата ја води постапката при што води сметка приложените документи да се веродостојни и комплетни, врши увид во просториите на барателот, сочинува записник за исполнетоста на условите по поднесеното барање и сите документи ги доставува до Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи се должни да достават мислења по приемот на барањето од Управата во рок согласно со Законот за општата управна постапка.

По добивање на мислењата од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Управата:

- подготвува информација и Предлог-Одлука по однос на поднесеното барање за издавање согласност за вршење развој или производство на воени стоки, која се доставува до Владата, со цел донесување на истата од страна на Владата и

- подготвува информација и доставува Предлог - Решение по поднесеното барање за издавање согласност за вршење промет со воени стоки и ја доставува до Министерството.

Одлуката за добивање на согласност за вршење развој и производство на воени стоки по поднесеното барање од страна на Министерството, Владата треба да ја донесе во рок согласно Законот за општата управна постапка.

Доколку има потреба од доставување на дополнителни информации во зависност од сложеноста на предметот, за кои е потребна дополнителна проверка, Министерството има право да го продолжи рокот на постапката за добивање на согласност, во рок согласно Законот за општата управна постапка, за што е должен да го извести барателот.

Против Решението на министерот за економија по однос на барањето за издавање согласност за вршење промет со воени стоки, барателот има право да поднесе жалба до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од денот на приемот на решението, во рок согласно со Законот за општата управна постапка.

Против одлуката на Владата по однос на барањето за издавање согласност за вршење развој или производство на воени стоки, барателот има право да поведе управен спор во рок согласно со Законот за управни спорови.

Министерот за економија во согласност со министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи ги пропишуваат поблиските услови во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки, начинот за издавање на согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки, формата и содржината на барањето за издавање на согласноста и придружната документација кон нив.

**Промена на упис во Централниот регистар**

Член 25

Лицата на кои им е издадена согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки се должни до Министерството да достават примерок од секое решение за промена на упис во Централниот регистар, во рок од три работни дена од уписот во Централен регистар.

**Одземање на согласност**

Член 26

Министерството со решение ќе ја одземе согласноста за вршење промет, а Владата, на предлог на Министерството, со одлука ќе ја одземе согласноста за вршење развој и производство на воени стоки, во следниве случаи:

- на барање на носителот,
- доколку произлегле нови факти, кои доколку постоеле во моментот на поднесување на барањето за издавање на согласноста, би довеле до донесување одлука од страна на Владата, односно решение од страна на министерот за економија за одбивање,
- доколку кај носителот се утврди одговорност/правосилна пресуда за повреда на одредби од овој закон, неговите подзаконски акти или други правни правила поврзани со државната безбедност,
- доколку за носителот со правосилна пресуда се утврди одговорност за прекршување на меѓународна санкција или ембарго кое е обврзувачко за Република Северна Македонија,
- губење на деловна способност на одговорното лице кое е запишано во Централниот регистар и доколку не биде заменето со друго одговорно лице во рок од триесет дена, односно правосилноста на решението за ограничување/одземање на деловната способност,

- ликвидација или стечај (престанок на постоење) на лицето,
- причини од значење за државната или јавната безбедност, надворешната политика, или од интерес на борбата против тероризмот, контрола на криминалот и друго.
- доколку носителот врши работи кои не се наведени во согласноста.

Против решението на министерот за економија за одземање на согласноста за вршење промет на воени стоки, носителот има право да поднесе жалба до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степенво рок согласно Законот за општата управна постапка, а против одлуката на Владата за одземање на согласноста за вршење развој и производство на воени стоки, носителот има право да поведе управен спор во рок предвиден согласно со Законот за управни спорови.

Жалбата, односно тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Регистри на согласности**

Член 27

Управата води Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење развој на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење производство на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени согласности за вршење промет на воени стоки, Регистар за издадени и неиздадени дозволи за промет на воени стоки, Регистар на издадени потврди и список на сертифицирани правни лица во согласност со овој закон.

Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот 1 на овој член.

IV. РАЗВОЈ НА ВОЕНИ СТОКИ

**Вршители на развој на воени стоки**

Член 28

Развојот на воени стоки го вршат производители, научно-истражувачки центри, научно-истражувачки институции и ремонтни капацитети.

Член 29

Вршителите на развој на воени стоки се должни врз основа на годишен план за работа да ја следат состојбата на безбедност за развојот на воени стоки согласно со прописите со кои се уредуваат овие прашања.

Член 30

Вршителите на развој на воени стоки за потребите на развојот можат да ги користат капацитетите на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и на други правни лица на кои им е издадена согласност за вршење развој или производство на воени стоки (полигони, стрелишта, опрема и друго), врз основа на меѓусебни договори.

**Услови за вршење на развојна воени стоки**

Член 31

Развој на воени стоки се врши за подигнување на борбениот капацитет и ефикасноста на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, согласно со определбите искажани во долгорочниот план за развој на одбраната на Република Северна Македонија и плановите за опремување на Армијата на Република Северна Македонија и полициските сили со нови воени стоки.

Вршителите на развој на воени стоки, доколку вршат сопствен развој на нови производи и технологии, истите можат да ги понудат и на странски купувачи врз основа на Решение за добивање согласност за промет и дозвола за извоз на воени стоки согласно со членовите 22 и 50 од овој закон.

Член 32

Развојот на воени стоки за потребите на Република Северна Македонија се врши врз основа на Програма за развој на воени стоки што ја донесува Владата, на предлог на Министерството изработена во соработка со Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Програмата за развој на воени стоки се финансира од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија, како и од други извори за таа намена.

Развојот на воени стоки може да се врши и врз основа на програми за развој за сопствени потреби на правни лица кои имаат добиено согласност за вршење развој или производство на воени стоки, финансирани од сопствени финансиски средства.

Член 33

Развој на воени стоки за потребите на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и правни лица кои вршат производство на воени стоки, се вршат врз основа на договори, кои се склучуваат со вршителите на развој на воени стоки.

Член 34

Развој на воени стоки за потребите на странски држави, вршителите на развој на воени стоки ги вршат врз основа на планови и договори за соработка.

Развојот на воени стоки за извоз за странски држави треба да биде во согласност со одбранбените, безбедносните и надворешно-политичките интереси на Република Северна Македонија.

Член 35

Вршителите на развој на воени стоки се должни да ги заштитат класифицираните пронајдоци, односно иновации од областа на одбраната на државата согласно прописите за заштита на патенти.

**Развојно-техничка документација**

Член 36

Развојно-техничката документација за воени стоки за потребите на Министерството за одбрана е сопственост на Министерството за одбрана.

За изработка на развојно-техничката документација, Министерството за одбрана и вршителите на развојот на воени стоки склучуваат договор со коишто се регулираат нивните права и обврски.

Доколку не се доврши развојот на воени стоки и развојниот проект, вршителите на развојот на воени стоки се должни оригиналната развојно-техничка документација со која располагаат, да ја предадат на Министерството за одбрана во рок од триесет дена од прекинот на развојниот проект.

## V. ПРОИЗВОДСТВО НА ВОЕНИ СТОКИ

**Производители на воени стоки**

Член 37

Производителите на воени стоки се правни лица кои добиле согласност за производство на воени стоки согласно со членовите 21 и 22 од овој закон.

Производителите на воени стоки се должни да започнат со производство најдоцна во рок од една година, од денот на издавањето на согласноста за производство на воени стоки од Владата.

Член 38

Заради извршување на определени задачи и работи во процесот на производство на воени стоки за потребите на одбраната и безбедноста на Републиката, кај производителите на воени стоки можат да се упатат на работа и определени стручни лица од Министерството.

Меѓусебните права и обврски меѓу Министерството и производителот кај кој се упатени стручните лица, се уредуваат со договор.

Член 39

Производителите на воени стоки, за потребите на производството, можат да ги користат капацитетите на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и на други правни лица кои имаат добиено согласност за вршење производство и/или развој на воени стоки (полигони, стрелишта, опрема и друго), врз основа на меѓусебни договори и согласно со закон.

Член 40

Производителите на воени стоки се должни врз основа на годишен план да ја следат состојбата на безбедност за производството на воени стоки согласно со прописите со кои се уредуваат овие прашања.

**Обезбедување квалитет на воени стоки**

Член 41

Производителите се должни во производството на воени стоки да обезбедат квалитет согласно со македонските стандарди, односно според соодветни меѓународни и НАТО стандарди прифатени со меѓународни договори кои се ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

Член 42

Производителите на воени стоки се должни да организираат и вршат сопствена контрола на квалитетот, со цел обезбедување квалитет на воените стоки во процесот на производството и пред испораката.

Член 43

Контролата на квалитетот на воени стоки според одредбите на овој закон се врши пред и при увоз на воени стоки.

Контролата може да се врши и при извоз на воени стоки по барање на производителот, доколку истата не е регулирана со договор за купопродажба.

Член 44

Контролата на квалитетот на воени стоки за потребите на одбраната на Република Северна Македонија ја врши Министерството за одбрана, а за потребите на безбедноста на Република Северна Македонија ја вршат и Министерството за внатрешни работи.

По спроведената контрола на квалитетот согласно со ставот 1 на овој член, Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи, издаваат потврди за квалитет на воените стоки доколку се однесува за нивни потреби.

**Техничка документација за производство**

Член 45

Производителот на воени стоки е должен за воените стоки да обезбеди техничка документација.

Министерот за одбрана во согласност со министерот за внатрешни работи, ја пропишува формата и содржината на техничката документацијата.

Член 46

Воените стоки не можат да се пуштаат во промет доколку за нив производителот нема обезбедено техничка документација согласно овој закон.

**Услови за вршење на производство**

Член 47

Производството на воени стоки се врши согласно со Националната контролна воена листа.

Член 48

За објектите во кои се врши производство на воени стоки од експлозивен карактер, треба да има решение за локација од Министерството за транспорт и врски по претходно добиена согласност од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Член 49

Домашните производители на воени стоки, кои произведуваат воени стоки во соработка со странски производители, имаат право да ги увезуваат деловите од производи или комплетните производи од странските соработници.

VI. ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

**Услови за вршење на промет на воени стоки**

Член 50

Вршителите на промет на воени стоки се правни лица кои добиле Решение за вршење промет на воени стоки согласно со членовите 21 и 22 од овој закон.

Вршителите на промет на воени стоки истиот го вршат врз основа на Националната контролна воена листа.

При спроведување на извоз, повторен извоз, увоз, повторен увоз, привремен извоз и привремен увоз и транзит на воени стоки, се применуваат одредбите од Царинскиот закон.

**Дозволи за вршење промет на воени стоки**

Член 51

Со цел вршење промет на воени стоки вршителите на прометот се должни да обезбедат соодветни дозволи за вршење промет на воени стоки (во натамошниот текст: дозволи) согласно со овој закон.

Дозволите од ставот 1 на овој член ги издава Министерството врз основа на мислење на Комисијата.

Министерството ги издава следниве видови дозволи:

- индивидуална дозвола,

- глобална дозвола и
- генерална дозвола.

Дозволите од ставот 3 на овој закон се издаваат на лица кои имаат добиено Решение за вршење промет на воени стоки.

Индивидуалната дозвола се издава за извоз, повторен извоз, увоз, повторен увоз, привремен извоз и привремен увоз и транзит на воени стоки, или за обезбедување услуги за воени стоки, како и електронски пренос на софтвер или технологија и индивидуална дозвола за привремен увоз или извоз од Република Северна Македонија на воени стоки единствено за тестирање или презентација.

Индивидуалната дозвола од ставот 5 на овој член се издава за вршење услуги за воени стоки во следниве случаи:

- брокер кој ги обезбедува своите брокерски услуги во Република Северна Македонија,
- брокер со живеалиште, односно седиште во Република Северна Македонија, кој ги обезбедува своите брокерски услуги во странство,
- давател на техничка помош кој ја обезбедува својата услуга на клиент надвор од Република Северна Македонија,
- давател на техничка помош со живеалиште, односно седиште во Република Северна Македонија, кој ја обезбедува својата услуга во странство и
- превозник со живеалиште, односно седиште во Република Северна Македонија, кој ја обезбедува својата услуга во странство.

Индивидуалната дозвола за извоз и увоз е потребна и во случај на електронски пренос на софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од територијата на Република Северна Македонија, што вклучува и овозможување електронски пристап до софтверот и технологијата од страна на лица надвор од територијата на Република Северна Македонија и вербален пренос на технологија кога технологијата е опишана преку телефон или преку кое било средство за електронска комуникација.

Глобална дозвола се издава на правни лица кои имаат воспоставено Програма за внатрешна усогласеност.

Генерална дозвола се издава за извоз, увоз или транзит на воени стоки, или за обезбедување услуги, под условите и во определени земји кои се наведени во членовите 57 и 58 од овој закон. Министерството мора да ја објави генералната дозвола на веб-страницата на Министерството. Генералната дозвола се издава на лица кои се запишани како корисници на генералната дозвола согласно со условите предвидени во овој закон и соодветните подзаконски акти. Генералната дозвола не смее да се користи доколку Министерството или друг надлежен државен орган го известил извозникот, увозникот, лицето одговорно за транзит/носителот или давателот на услуги дека предметната стока или услуги може да бидат или се наменети делумно или целосно за:

- оружје за масовно уништување или за средства за испорачување такво оружје и
- крајна употреба во одредиште кое е под ембарго.

Генералната дозвола исто така не смее да се користи и доколку извозникот, увозникот, лицето одговорно за транзит или давателот на услуги имаат причини да се сомневаат дека производите или услугите се наменети за целите наведени во претходната точка.

Член 52

Дозволата не може да се пренесе на друго лице и со неа се одобрува само една конкретна трансакција или низа од трансакции согласно наведеното во дозволата.

## Постапка за издавање на дозволи

Член 53

За издавање на дозвола се поднесува барање со пропратна документација до Управата.

Со барањето треба да се достави јасен опис на воените стоки и да се приложат сите докази кои се потребни за потврдување на податоците наведени во барањето, како технички карактеристики, скици, фотографии и друга документација за идентификација на воената стока.

Во прилог на барањето брокерот треба да достави договор за продажба, потврди на нарачка, фактури или испратници (доколку се достапни) и „потврда за краен корисник" во оригинална форма или копија заверена на нотар и превод од овластен судски преведувач заверен на нотар.

Брокерот треба да достави и податоци за локацијата на потекло на воените стоки.

Барателот кон барањето мора да приложи и писмена изјава со која се изјавува дека веднаш ќе го извести Министерството доколку добие на знаење информации дека стоката целосно или делумно ќе биде наменета за развој, производство, употреба, одржување, чување, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, средства за негова испорака за воени цели во одредишта кои се под ембарго или за загрозување на националната безбедност.

Министерот за економија го пропишува начинот на издавањето на дозволите, формата и содржината на барањата за издавање на дозволите, потребната документацијата како и формата и содржината на дозволите од членот 51 став 2 од овој закон.

Член 54

По приемот на барањето и пропратната документација од членот 53 од овој закон, Управата проверува дали истата е целосна и јасна. Во случај на нецелосно или нејасно барање, односно непотполна документација согласно со пропишаниот образец, Управата во рок согласно со Законот за општата управна постапка го известува барателот да го уреди барањето и ја достави дополнителната документација.

Рокот за обработка на барањето и доставувањето на дополнителната документација престанува да тече од датумот кога Управата ќе го извести барателот за запирање на постапката да го уреди барањето, а постапката продолжува од датумот на прием во Управата на уредното барање.

Доколку барателот не го уреди барањето и не ја достави дополнителната документација во наведениот рок, барањето со решение се отфрла во рок согласно со Законот за општата управна постапка.

Член 55

Уредното барање и потребната документација Управата ја доставува до Комисијата заради добивање на мислење.

Комисијата изготвува мислење по барањето во рок согласно со Законот за општата управна постапка од денот на уредно поднесеното барање.

Комисијата по потреба може да побара дополнителни проверки на информациите и документите приложени со барањето.

Министерството за економија ќе донесе решение за одобрување или одбивање на барањето за издавање на бараната дозвола, од приемот на мислењето од страна на Комисијата во рок согласно со Законот за општата управна.

Доколку Комисијата даде негативно мислење министерот за економија ќе донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола.

Управата доставува до барателот решение, во рок од три работни дена од денот на донесување на решението.

Барањето за дозвола може да биде одобрено целосно, делумно или да биде ограничено со услови или други ограничувања кои се наведени во самата дозвола.

Ограничувањето може да се однесува за забрана на повторен извоз без одобрение на земјата која врши извоз.

Во решението за одбивање на барањето ќе биде наведено образложение на причините за одбивање, односно за негативното мислење на Комисијата, освен доколку истите се темелат врз информации кои имаат соодветен степен на доверливост во согласност со закон или врз основа на критериумите утврдени со Законот за класифицирани информации или пак информации кои се заштитени согласно со прописите за заштита на лични податоци.

Член 56

Дозволата се издава во хартиена форма во пет примероци, од кои:

- четири примероци Управата доставува до барателот, од кои еден задржува за себе а по еден примерок доставува до Царинската управа, која се користи при постапката на извоз, повторен извоз, увоз, повторен увоз, привремен извоз и привремен увоз, транзит и до Министерството за внатрешни работи - Гранична полиција, а четвртиот примерок е за потребите на Управата и
- еден примерок се чува во архивата на Управата.

Дозволата може да се издаде и во електронска форма.

Во дозволата е наведен бројот на дозволата, датумот на одобрување, рокот на истекување на важноста и други важни податоци. Прилозите кон дозволата по потреба исто така да бидат заверени според прописите за канцелариско и архивско работење.

Имателот на дозволата мора да го користи доделениот број на дозволата во комуникацијата со Министерството во врска со какви било прашања поврзани со трансакциите опфатени со дозволата.

Дозволата од ставот 1 на овој член, му се доставува на барателот лично, преку препорачана пошта или по електронски пат.

По завршувањето на постапката за извоз или транзит, Министерството може да побара од носителот на дозволата да приложи потврда за извршена испорака издадена од надлежните органи на одредишната земја.

**Критериуми за разгледување и одбивање на барањето**

Член 57

При одлучувањето дали ќе се одобри, односно одбие барањето за издавање на дозвола согласно овој закон, министерот за економија и Комисијата ги земаат предвид сите релевантни околности, меѓу другото:

1. почитување на меѓународните обврски и заложби на Република Северна Македонија, а особено во однос на санкциите донесени од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации или Европската унија, договорите за неширење на оружје за масовно уништување и други проблематики, како и останатите меѓународни обврски;
2. почитување на меѓународните права во земјата на крајно одредиште, како и почитување на меѓународното хуманитарно право од страна на таа земја, особено во поглед на ризиците дека воената стока може да се искористи за извршување или овозможување на сериозни дела на родово насилство, или сериозни дела на насилство против жените и децата;

3. внатрешната состојба во земјата на крајно одредиште, како двигател на тензии или вооружени конфликти;

4. зачувување на мирот, безбедноста и стабилноста во регионот;

5. државната безбедност на Република Северна Македонија, како и безбедноста на пријателските или сојузничките земји;

6. поведението на земјата-купувач во однос на меѓународната заедница, а особено нејзиниот однос кон тероризмот, природата на нејзините сојузи и почитувањето на меѓународното право;

7. Постоење ризик дека воената технологија или опрема може да се пренасочи во рамките на самата земја-купувач или да биде извезена под несакани услови;

8. соодветност на воената технологија или опремата што се извезува со техничко-економскиот капацитет на земјата-примач, притоа имајќи ги предвид стремежот државите да ги исполнуваат своите потреби од интерес на безбедноста и одбраната, со што е можно помало пренасочување на човечки и економски ресурси за наоружување;

9. загрозување на надворешно политичките или економските интереси на Република Северна Македонија или спротивност на овие интереси;

10. барателот приложил лажни документи, навел податоци кои доведуваат до погрешен заклучок, или сокрил материјални факти во барањето или во придружните материјали;

11. во последните пет години дали барателот го прекршил овој закон, неговите подзаконски акти или други правни правила поврзани со безбедноста на државата;

12. во последните пет години дали барателот прекршил меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија;

13. доколку против барателот е поведена кривична или прекршочна постапка во врска со државната безбедност од добиена информација од страна на надлежен орган;

14. стоката за која се бара дозвола е предмет на полициска истрага или судска постапка.

## Период на важење на дозволата

Член 58

Индивидуалната дозвола важи за период до една година, со исклучок на индивидуалната дозвола за транзит и индивидуалната дозвола за привремен увоз и извоз, кои важат за период до шест месеци.

Глобалната дозвола е со важност до пет години.

Министерството го утврдува рокот на важење на секоја издадена дозвола, притоа имајќи го предвид времетраењето на договорот врз основа на кој е издадена дозволата а произлегуваат од видот на воените стоки.

Се смета дека дозволата престанала да важи во моментот кога ќе се завршат царинските формалности за сите стоки наведени во дозволата.

Генералната дозвола се издава на неопределено време и истата престанува сè додека не се укине или поништи.

## Продолжување на рокот на важење на дозволата

Член 59

За продолжување на рокот на важење на дозволата, имателот на дозволата е должен до Министерството да ги врати оригиналните примероци од дозволата и да достави ново барање, согласно со членот 53 од овој закон, во рок од петнаесет  работни дена пред датумот на истекување на важноста на дозволата.

Министерот за економија донесува решение по барањето од ставот 1 на овој член, врз основа на процена на причините на кои истото се заснова и испитување дали сè уште се исполнети условите за издавање на дозволата согласно со членот 53 став 1 од овој закон.

Министерството издава нова дозвола согласно со роковите на важење од членот 58 од овој закон.

**Поништување, одземање, ограничување и измена на дозволата**

Член 60

Министерството ја поништува дозволата доколку истата била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, или имало прикривање на материјални факти.

Согласно со ставот 1 на овој член, дозволата е ништовна и секое дејствие преземено врз основа на таквата дозвола е ништовно.

Член 61

Министерството може да ја одземе дозволата, доколку:

- имателот на дозволата бара нејзин престанок,
- утврди дека настанала значителна промена кај податоците од дозволата кои не одговараат со податоците поднесени во барањето,
- имателот на дозволата не ги исполнува обврските или условите од дозволата кои се наведени во техничката документација, спецификацијата за набавка на опремата или договорот за купопродажба,
- кај имателот на дозволата е утврдена одговорност за повреда на овој закон, од интерес на националната безбедност,
- имателот на дозволата не постапи по барање од Министерството за доставување информации во врска со доставените документи за потврда на испорака на стоките во фази, врз основа на кои е издадена дозволата,
- лицето кое е имател на дозволата престанало да постои,
- ќе утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата повеќе не е исполнет, односно не се исполнети,
- извозникот, односно давателот на услуги не го известил Министерството за промените поврзани со издадената дозвола,
- извозникот ја пренел дозволата за извоз на друг извозник,
- започне да важат рестриктивните мерки согласно со Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

Член 62

Доколку произлезат нови факти за движење на воената стока како што се промена на крајното одредиште, промена на маршрута или промена на крајниот корисник, кои не биле познати во моментот на разгледување на барањето и одобрување на дозволата, Министерството може да ја измени дозволата во рок од 15 дена од поднесување на барањето за измена.

Член 63

Министерството може да ја измени дозволата со тоа што ќе издаде нова дозвола согласно со членот 62 од овој закон.

Член 64

Управата во писмена форма ја известува Царинската управа и Министерството за внатрешни работи за издавање, поништување или одземање на дозволата.

Член 65

Управата во писмена форма го известува имателот на дозволата за издавање, поништување или одземање на дозволата.

**Привремено одземање на дозволата**

Член 66

Министерството може привремено да ја одземе дозволата доколку имателот на дозволата не ги отстрани утврдените неправилности во постапката за надзор во согласност со членот 106 од овој закон. Поради неотстранување на неправилности може привремено да се одземе дозволата сè додека имателот на дозволата не докаже дека ги исполнил условите според одредбите од овој закон.

Привременото одземање на дозволата, може да биде во траење најмалку од 30 дена и во случај на постоење на сомневање дека прометот на воени стоки бил или ќе биде извршен спротивно на постојните услови од дозволата.

Министерот за економија може со решение да ја запре испораката на воените стоки или на давањето услуги, во траење од 15 дена, во која било фаза од процесот за да може да ја провери нивната законитост.

Согласно со ставот 3 на овој член, доколку пратката веќе се транспортира, министерот за економија има овластување да донесе решение за враќање или растоварање на таквата пратка на која било попатна станица, во рок од 15 дена, при што за истото ќе ја извести Царинската управа.

Министерството има право привремено да ги одземе дозволите за земји во кои има нагло влошување на безбедноста и стабилноста, како одговор на кризата или дозволите за испораки или давање на услуги за конкретен краен корисник, при што одземањето може да трае најдоцна до завршување на кризата.

Имателот на дозволата во писмена форма се известува за привременото одземање на дозволата и колку долго дозволата ќе биде привремено одземена. Доколку пред истекот на првичниот временски период сè уште постојат основи за сомневање, периодот на привремено одземање се продолжува за еден месец. Имателот на дозволата се известува за продолжувањето на периодот во писмена форма.

**Враќање на дозвола**

Член 67

Имателот на дозволата е должен да ја врати дозволата кај Министерството во рок од три работни дена од денот на службеното известување за трајно одземање, поништување или привремено одземање на дозволата, освен доколку дозволата не е издадена по електронски пат, уништена или загубена. Доколку дозволата била најдена последователно, истата се враќа без одлагање.

Во случај имателот на дозволата да одлучи да не ја користи дозволата е должен да ја врати во Министерството, за што му се издава писмена потврда.

**Исклучоци во однос на издавањето дозвола**

Член 68

Дозволата ја издава Министерството за економија, освен во следниве случаи:

- дозволата за увоз или донации на воени стоки за потребите на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, ја издава соодветното министерство, согласно со одлука донесена од Владата,

- дозволата за привремен извоз на воени стоки за потребите на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи или за други соодветни безбедносни институции на Република Северна Македонија, ја издава соодветното министерство односно државна институција, согласно одлука донесена од Владата,
- дозволата за извоз и увоз на воени стоки врз основа на склучени договори и донации од страна на Владата ја издава Министерството за одбрана односно Министерството за внатрешни работи,
- дозволата за извоз и транзит на воени стоки за меѓународни мировни или хуманитарни мисии ја издава Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи и
- дозволата за користење на услуги за воени стоки за потребите на Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за одбрана ја издава министерство за чии потреби се вршат услугите.

**Користење на дозволата**

Член 69

Извозот на воени стоки се врши со приложување на дозволата, а во царинската декларација се наведува упатување за користењето на предметната дозвола, вклучително и во случај кога се користи генерална дозвола.

Увозот на воени стоки се врши со приложување на дозволата, а во царинската декларација се наведува упатување за користењето на предметната дозвола.

Транзитот на воени стоки се врши со приложување на дозволата, а во царинската декларација се наведува упатување за користењето на предметната дозвола.

Давателот на услуги е должен да достави дозвола до Царинската Управа по нејзино претходно барање.

Лице кое врши електронски пренос на софтвер или технологија е должно да достави дозвола до Царинската управа.

Царинската постапка, царинењето и царинскиот надзор на воени стоки кои се увезуваат или извезуваат се врши кај производителот, увозникот или Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи, а во согласност со одредбите од Царинскиот закон.

Царинскиот надзор се врши во присуство на претставник на Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

**Обврска за наведување опис на документите**

Член 70

Во комерцијалните документи во врска со прометот на воени стоки мора јасно да се наведе дека станува збор за воени стоки и дека истиот подлежи на контроли.

Комерцијалните документи опфаќаат договор за продажба, потврда на нарачка, фактура или испратница.

**Жалба во управна постапка**

Член 71

Против решенијата во врска со дозволите донесени согласно со членовите 55, 59, 60, 61, 62, 63 и 66 од овој закон, дозволена е жалба до Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од денот на приемот на решението, во рок согласно со Законот за општата управна постапка.

Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Регистар на дозволи**

Член 72

Управата води Регистар на дозволи во кој ги евидентира сите одбиени и одобрени барања за добивање на дозволи, како и сите промени кај издадените дозволи.

Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член.

**Потврда за краен корисник и меѓународен сертификат за увоз**

Член 73

Министерството издава потврда за краен корисник (End-User Certificate) и меѓународен сертификат за увоз (International Import Certificate) врз основа на барање од увозникот и писмена изјава од крајниот корисник за намената на увезените воени стоки.

Во потврдата за краен корисник се наведува дека нема да се врши повторен извоз или повторно преместување на воената стока без соодветно одобрение од Министерството.

Ако воената стока се увезува за потребите на одбраната или полицијата, потврдата за краен корисник ја издава Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

Потврдите за крајна употреба за воени стоки, издадени од Министерството наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да бидат ставени на увид кај надлежните органи на земјата на извоз во рок од шест месеци од денот на издавањето.

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на барањето за издавање потврда за краен корисник, формата и содржината на образецот на потврдата за краен корисник и меѓународниот сертификат за увоз.

**Потврда за крајна употреба**

Член 74

Министерството издава потврда за крајна употреба (End-Use Certificate) врз основа на барање од увозникот и намената на воени стоки кои се увезуваат.

Управата може да побара и дополнителни документи заради исполнување на условите на земјата-извозник поради заштита на интересите на државната безбедност на Република Северна Македонија.

Министерството може на барање на земјата-испраќач да издаде потврда за крајната употреба на воени стоки кои не се опфатени со Националната контролна воена листа.

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на барањето за издавање потврда за крајна употреба и формата и содржината на образецот на потврдата за крајна употреба.

**Потврда за извршена испорака**

Член 75

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на барањето за издавање потврда за извршена испорака и формата и содржината на потврдата за извршена испорака.

## Основи за одбивање на барањата за издавање потврда за краен корисник, потврда за крајна употреба и меѓународен сертификат за увоз

Член 76

Министерството може да одбие да издаде потврда за краен корисник, потврда за крајна воена употреба и меѓународен сертификат за увоз, поради следниве причини:

- барателот нема добиено согласност за вршење развој, производство или промет на воени стоки,
- барателот приложил лажни документи, навел податоци кои доведуваат до погрешен заклучок или сокрил материјални факти во барањето или во придружните документи,
- во последните пет години барателот го прекршил овој закон, неговите подзаконски акти или други правни правила поврзани со безбедноста на државата,
- во последните пет години барателот прекршил меѓународно ембарго или санкција која била обврзувачка за Република Северна Македонија,
- доколку против барателот е поведена кривична или прекршочна постапка во врска со државната безбедност од добиена информација од страна на надлежен орган за постоење на веродостојна причина дека воената стока можеби нема да се искористи за пријавената крајна употреба или ќе биде повторно извезена или повторно пренесена под непосакувани околности во смисла на членот 57 од овој закон.

## Одземање на потврда за крајна употреба, потврда за краен корисник и меѓународен сертификат за увоз

Член 77

Потврдата за крајна употреба, потврдата за краен корисник и меѓународниот сертификат за увоз издадени од Министерството, може да се одземат единствено доколку воените стоки опфатени со нив не биле увезени во Република Северна Македонија.

Министерството е должно да го извести надлежниот орган на земјата извозник во случај на:

- одземање на потврдата за крајна употреба, потврдата за краен корисник и меѓународниот сертификат за увоз или
- настанување на значителни промени во врска со крајната употреба на воената стока увезена во Република Северна Македонија.

## Враќање на потврдата за крајна употреба, потврда за краен корисник и меѓународен сертификат за увоз

Член 78

Доколку потврдата за крајна употреба, потврдата за краен корисник и меѓународниот сертификат за увоз издадени од министерот за економија не се доставени до соодветниот странски орган во рок од шест месеци од нивното издавање или воената стока не била увезена во Република Северна Македонија, документот се враќа на Министерството, заедно со писмено образложение најдоцна во рок од три работни дена од истекот на рокот од шест месеци од нивното издавање, односно од стекнувањето на сознание дека воената стока нема да биде увезена во Република Северна Македонија.

**Регистар на потврди**

Член 79

Управата води Регистар на потврди за крајна употреба, Регистар за потврда на краен корисник, Регистар на потврда за извршена испорака и Регистар на потврда за меѓународен сертификат за увоз, предвидени со овој закон кој ги евидентира сите одбиени и одобрени барања за добивање потврди во согласност со овој закон, како и промени кај издадените потврди.

Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот 1 на овој член.

## VII. ИЗДАВАЊЕ СЕРТИФИКАТ НА ПРАВНО ЛИЦЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ВНАТРЕШНА УСОГЛАСЕНОСТ

**Сертифицирано правно лице**

Член 80

Со издавањето на сертификатот за имплементација на Програмата за внатрешна усогласеност (во натамошен текст: ПВУ) се потврдува дека правното лице е доверливо, а особено во однос на придржувањето на правното лице кон одредбите од овој закон и почитување на обврските и ограничувањата во врска со прометот на воени стоки.

Сертификатот се издава по писмено барање на правното лице.

Доверливоста на правното лице ја проценува Управата, со цел добивање потврда за негова усогласеност со критериумите за сертифицирање утврдени со членот 82 став 1 од овој закон.

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на барањето, начинот за сертифицирање и формата и содржината на сертификатот за имплементација на ПВУ.

**Програма за внатрешна усогласеност**

Член 81

Целта на ПВУ е да се воспостават ефективни, соодветни и пропорционални мерки и процедури кои ќе им помогнат на правните лица:

- да обезбедат заштитни мерки за усогласеност, вклучително и за спроведување и придржување до стандардните оперативни политики и постапки на сите нивоа од синџирот на набавки на лицето, за да се обезбеди донесување воедначена одлука во поглед на прометот на воени стоки во согласност со одредбите од овој закон, како и веродостојна обработка на нарачки и темелна длабинска анализа,
- да послужи како средство за воочување на факторите/показателите на ризик со кои се отвораат прашања околу легитимноста на клиентот или на трансакцијата,
- да ги заштитат вработените од ненамерно прекршување на одредбите на овој закон преку програми за обука и јавна свест.

Основната структура на ПВУ треба да се темели на следниве елементи:

1. заложби на раководството за усогласеност;
2. организациска структура и разграничување на обврските;
3. процеси и постапки за проверка на трансакции;
4. контрола на пратки;
5. ревизија и внатрешна проверка;
6. обуки и едукација;
7. водење евиденција и чување на документација;

8. пријавување и спроведување корективни мерки;
9. техничка и информатичка сигурност.

Министерството може да побара од давателите на услуги и лицата кои редовно вршат електронски пренос на контролиран софтвер или технологија, задолжително да воведат ПВУ.

Министерот за економија ја пропишува содржината за ПВУ.

**Критериуми за проверка на доверливоста**

Член 82

Доверливоста на правното лице од членот 80 став 3 од овој закон, се проценува согласно со следниве критериуми и документи:

1. бројот на вработени кај барателот, обемот на промет, природата на трансакциите, чувствителноста на стоката со која се врши промет, профилот на примателите, изјавата за крајна употреба на воени стоки и на поврзаните услуги;
2. докажано искуство во вршењето промет на воени стоки, а особено имајќи го предвид поведението на правното лице во врска со придржувањето до извозните ограничувања, правосилни судски одлуки по однос на тоа прашање, согласност за вршење производство или промет на воени стоки и вработување на искусен раководен кадар;
3. релевантна производна активност поврзана со воени стоки, а особено способност за интеграција на системи или потсистеми;
4. именување на раководно лице кое лично ќе биде одговорно за мерките за контрола на прометот на воени стоки;
5. писмена изјава од правното лице, потпишана од одговорното лице од точка 4 на овој член, со која се изјавува дека правното лице ќе ги презема сите потребни мерки за придржување и спроведување на сите специфични услови во поглед на крајната употреба, спроведувањето проверка на крајна употреба на сите воени стоки кои се извезени, увезени или транзитирале, како и на обезбедените услуги;
6. писмена изјава од правното лице, потпишана од одговорното лице од точка 4 на овој член, во која се изјавува дека до Управата благовремено ќе се доставуваат податоци како одговор на барањата за доставување информации или распрашувања за крајните корисници или крајната употреба на сите извезени, пренесени или примени воени стоки;
7. опис на ПВУ која се спроведува од правното лице, потпишан од одговорното лице од одговорното лице. Описот содржи поединости за организационите, човечките и техничките ресурси кои се доделени за раководење со прометот на воени стоки, хиерархијата на одговорност во рамките на претпријатието, постапките за контролата на трансакции, постапките за внатрешна ревизија, информирање за поткревање на свеста и обуката на вработените, физичките и техничките безбедносни механизми, водењето евиденција и пратење на сите дејствија во поглед на прометот на воени стоки и хармонизација на ПВУ што ја спроведува барателот во согласност со утврдените насоки на Министерството.

**Содржина на сертификатот за ПВУ**

Член 83

Сертификатот за ПВУ може да содржи дополнителни услови во поглед на информациите кои се потребни заради контрола на усогласеноста со критериумите од овој закон, како и условите за привремено или трајно одземање на сертификатот.

**Рок на важење и продолжување на сертификатот за ПВУ**

Член 84

Рокот на важење на ПВУ сертификатот е до пет години.

Рокот на важење на сертификатот се продолжува врз основа на писмено барање од имателот поднесено до Министерството најдоцна 60 дена пред истекот на важење на ПВУ сертификатот.

**Ревизија и надзор на ПВУ**

Член 85

При продолжување на важење на ПВУ сертификатот, овластени лица (инспектори) од Управата можат да вршат ревизија на ПВУ на правното лице.

**Одземање на сертификатот**

Член 86

Доколку ревизијата утврди дека ПВУ не ги задоволува критериумите определени во членот 82 од овој закон или насоките утврдени од Управата, тогаш Управата преку инспекциски надзор презема соодветни мерки. Таквите мерки може да опфаќаат привремено или трајно одземање на глобалната дозвола односно користење на генералните дозволи.

**Објавување список со сертифицирани правни лица**

Член 87

Министерството на својата веб-страница објавува список со сертифицирани правни лица за ПВУ.

VIII. ОБВРСКИ НА ЛИЦАТА ВКЛУЧЕНИ ВО РАЗВОЈ, ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

**Обврски**

Член 88

Секое лице вклучено во развојот, производството и прометот на воени стоки е должно:

1. да ги почитува условите за вршење дејност, како и без одлагање да го извести Министерството за секоја промена во дозволата;
2. да го извести Министерството во писмена форма за секоја промена во однос на крајниот корисник или во однос на друга странка во извозот, увозот и транзитот или обезбедувањето услуги, во рок од десет дена од настанувањето на промената;
3. да води евиденција во согласност со одредбите пропишани во овој закон;
4. да го извести Министерството во писмена или електронска форма за извршениот извоз, увоз и транзит, во рок од седум дена од извршувањето и притоа да приложи копија од царинска декларација;
5. на барање од Министерството, да достави потврда за испораката и приемот на стоката;
6. да ги врати дозволата или сертификатот што не се искористени на Министерството во рок од седум дена од истекот на периодот на важење на дозволата или сертификатот;

7. да наведе во соодветните комерцијални документи кои се однесуваат на домашните преместувања на воени стоки произведени во Република Северна Македонија, дека станува збор за стока која подлежи на контроли доколку се извезува надвор од Република Северна Македонија (соодветните комерцијални документи особено опфаќаат: договор за продажба, потврда на нарачка, фактура или испратница);

8. да го извести Министерството доколку добие на сознанија дека стоката целосно или делумно ќе биде наменета за развој, производство, употреба, одржување, чување, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, средства за негова испорака за воени цели во одредишта кои се под ембарго или за загрозување на националната безбедност;

9. да му дозволи на надлежниот инспекциски орган да врши инспекциски надзор на евиденцијата за активностите за развој, производство или промет, како и влез во просториите заради вршење контрола на производството, складишните простории и превозните средства;

10. да ги почитува другите обврски и услови опфатени со дозволите или сертификатите издадени од министерот за економија односно Министерството врз основа на овој закон и

11. да го извести Министерството во писмена или електронска форма до крајот на јануари во тековната година за извршениот промет на воени стоки од претходната година.

**Водење евиденција**

Член 89

Сите лица вклучени во развојот, производството и прометот на воени стоки се должни во своето седиште да ја чуваат евиденцијата за секоја трансакција, како и деловодните книги, деловните и компјутерски системи и сите комерцијални и технички податоци и документација, кои се поврзани со развојот, производството и прометот на воени стоки, вклучително и договорите, фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со воените стоки, (како и нормативите во кои се содржани податоците за количината на стоки потребни за производство на секој производ во единица мерка).

Документите од ставот 1 на овој член ги содржат особено следниве податоци:

- технички опис на воените стоки што ќе овозможи распоредување на стоката од Националната контролна воена листа,
- опис на воените стоки кој овозможува нивно идентификување, како и тарифна ознака согласно со Националната контролна воена листа,
- опис на услугите,
- количина во единечна мера и нето-тежина и вредност на воените стоки или вредност на обезбедените услуги,
- име и седиште на странките во трансакцијата или дејствието,
- целосно име и седиште, како и податоци од соодветниот регистар, за извозникот, увозникот, лицето одговорно за транзит или на давателот на сродни услуги,
- целосно име и седиште, како и податоци од соодветниот регистар, за крајниот корисник на воени стоки или на примачот на услугата за воени стоки,
- деловни преписки, пораки по електронска пошта и тонски и видеозаписи поврзани со извозот, увозот и транзитот на воени стоки, или обезбедувањето на услуги за воени стоки,
- нарачки, сметки, договори, белешки за нарачки, испратници, листи на товар/патници и друга документација поврзана со извозот, увозот и транзитот или обезбедувањето услуги за воени стоки,
- датумот на трансакцијата или на дејствието и
- друга документација.

Сите лица кои се вклучени во развојот, производството и прометот на воени стоки се должни да му ја обезбедат документацијата од ставот 1 на овој член, на претставникот на Министерството или на друг надзорен орган на барање од министерството или на барање од друг надзорен орган.

Евиденцијата, односно податоците и документите од овој член, лицата се должни да ги чуваат за временски период од десет години од завршувањето на календарската година, во која била извршена секоја поединечна трансакција, односно услуга на воени стоки.

Член 90

Извозникот кој врши извоз на воени стоки е должен:

- да води посебна евиденција за извршениот извоз на воени стоки,
- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за извоз и
- за секоја промена во условите на вршење на извоз на воени стоки веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

Извозникот не смее да ја пренесе дозволата за извоз на друго лице.

Член 91

Брокерот кој врши брокерски услуги на воени стоки е должен:

- да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги за воени стоки,
- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги и
- за секоја промена во условите на вршење на брокерски услуги за воени стоки веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

## IX. ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА РАЗВОЈОТ, ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРОМЕТОТ НА ВОЕНИТЕ СТОКИ

### **Мерки и постапки за заштита и безбедност**

Член 92

Заштитата и безбедноста на развојот, производството и прометот на воени стоки опфаќа:

- мерки и постапки за обезбедување заштита на капацитетите за развој и производство на воени стоки и објектите за сместување и чување на тие стоки,
- мерки за обезбедување при превоз на воени стоки и
- чување и заштита на класифицираните информации за капацитетите за развој, производство, промет, објектите за сместување и чување на воени стоки, како и други пропишани мерки за заштита и безбедност.

Член 93

Вршителите на развој, производство и промет на воени стоки се должни да организираат и да ги спроведуваат мерките за заштита и безбедност во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и согласно другите прописи со кои се регулира заштитата и чувањето на класифицирани податоци на одбраната и безбедноста и постапувањето со експлозивни, запаливи и други опасни материи.

Член 94

Заради заштита и обезбедување на објектите, капацитетите, репроматеријалите и готовите производи, производителите на воени стоки се должни да ангажираат или формираат служба и единици за обезбедување.

Член 95

Во реоните на објектите во кои се врши производство, сместување и чување на воени стоки не можат да се градат други објекти без согласност од Владата.

Во реоните на објектите од ставот 1 на овој член може да се забрани движењето ако постои опасност од загрозување на безбедноста на граѓаните или на тие објекти.

Реоните на објектите од ставот 1 на овој член ги определува Владата со одлука.

**Планови за техничко и физичко обезбедување и заштита од пожар**

Член 96

Производителите на воени стоки донесуваат планови за техничко и физичко обезбедување и заштита од пожар на капацитетите за производство и на објектите за сместување и чување на воени стоки и други планови за спроведување на мерките за заштита и безбедност, како и поблиски упатства за спроведување на тие мерки, согласно со прописите со кои се уредуваат овие прашања.

Член 97

Податоците за капацитетите за производство на воени стоки, програмите, плановите за развој, за увоз и извоз на воени стоки, за научно-техничка соработка со странство во областа на производството и прометот со воени стоки, се сметаат како класифицирани информации од областа на одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија.

Член 98

Муницијата, експлозивите и другите воени стоки што претставуваат опасни материи, се превезуваат со специјални или стандардни товарни возила и со придружба согласно со прописите за превоз на опасни материи.

Производителите на воени стоки, вршителите на промет со воени стоки, односно превозниците на воени стоки, се одговорни за обезбедувањето на воените стоки до предавањето на купувачот, односно корисникот.

**Водење евиденција**

Член 99

Производителите на воени стоки и вршителите на прометот со воени стоки и другите субјекти кои чуваат воени стоки за свои потреби или по која било основа располагаат со воени стоки, должни се за воените стоки да водат посебна евиденција.

Субјектите од ставот 1 на овој член се должни за секое утврдено исчезнување на воени стоки или на нивни делови, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа да го известат Министерството и Министерството за внатрешни работи.

# X. НАДЗОР

## Орган на надзор

Член 100

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството преку инспектори на Управата, за вршење на задачите и работите на инспекцискиот надзор.

Управата преку инспекторите врши проверка на усогласеноста со условите од сертификатот за ПВУ најмалку еднаш на секои три години.

Управата преку инспекторите врши проверка најмалку еднаш годишно кај правните субјекти во однос на исполнетоста на условите под кои се донесени решенијата за согласност за развој или производство и дозвола за промет на воени стоки.

Директорот на Управата донесува Годишна програма за вршење на инспекциски надзор и подготвува месечни планови за вршење на инспекциски надзор.

Директорот на Управата доставува Годишен извештај до Министерството за реализираниот инспекциски надзор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

Член 101

Инспектор на Управата за вршење на задачите и работите на инспекцискиот надзор, согласно со одредбите од овој закон, може да биде лице кое:

- ги исполнува општите услови утврдени со Законот за административни службеници,
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, или има универзитетска диплома, на еден од следниве факултети: филозофски факултет – насока: одбрана, факултет за безбедност или технички факултет и
- има најмалку три години работно искуство во струката.

Член 102

Инспекторите на Управата за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, согласно со овој закон, имаат легитимација со која се утврдува нивното службено својство која се должни да ја покажат кога ги применуваат овластувањата од овој закон.

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата, како и начинот на издавање и одземање на легитимацијата.

Легитимацијата ја издава министерот за економија.

Член 103

Надзорот над спроведувањето на мерките за заштита и безбедност во развојот, производството и прометот на воени стоки, го вршат инспекторите на Управата за вршење на задачите и работите на инспекциски надзор, согласно со овој закон.

## Мерки за спроведување на надзорот

Член 104

При вршење на надзорот инспекторите се овластени:

- да бараат информации и податоци потребни за вршење на контрола од кое било лице вклучено во активностите со развојот, производството и прометот на воени стоки,
- да бараат мислења од други соодветни органи и институции,
- да вршат контрола на секоја поединечна трансакција, односно услуга за воени стоки, како и проверка на податоците за воени стоки со податоците од издадената дозвола,

- да вршат контрола во деловните простории, производните капацитети и складишните простории на лицата кои имаат добиено согласност за вршење развој, производство и промет на воени стоки.

Управата, може по потреба да достави барање до соодветните надлежни институции за обезбедување информации потребни за надзорот.

Член 105

Ако инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди неправилности, ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејноста во траење од 30 дена, привремено ќе ги одземе предметите во врска со кои е извршена повредата и ќе определи рок од 15 дена да се отстранат неправилностите утврдени со наодот.

Одземените предмети од ставот 1 на овој член ќе се складираат во соодветни магацини на Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи до завршување на постапката.

За извршеното одземање на предмети од ставот 1 на овој член, инспекторите издаваат потврда.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

Во постапката за вршење на инспекциски надзор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е регулирано.

Член 106

Доколку во текот на вршењето на инспекцискиот надзор согласно овој закон се наиде на докази за можни кривични дела поврзани со инкриминација во врска со увозот, извозот и транзитот на воени стоки во тој случај, информациите или евентуалните докази инспекторот ќе ги побара од Царинската управа.

Член 107

За извршениот инспекциски надзор се составува записник во кој се внесува наодот за утврдената фактичка состојба.

Записникот го потпишуваат лицата кои учествуваат во постапката на инспекциски надзор.

## XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### **Прекршочни санкции**

Член 108

Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице производител, односно вршител на промет со воени стоки, ако:

1. врши развој, производство или промет на воени стоки без добиена согласност за вршење на соодветната дејност, согласно со членот 6 од овој закон;

2. доколку по добивањето на согласноста од членот 6 од овој закон, не ги исполнува условите врз основа на кои истата е издадена;

3. доколку вршителот на развој, производителот или вршителот на промет не ги исполнува обврските од членот 88 од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност производство и промет со воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

Во случаите од ставот 1 точки 1 и 2 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предметите со кои е извршен прекршокот.

За прекршоците утврдени во овој член пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето (физичко лице) за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 109

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице производител на воени стоки, ако:

1. не обезбеди квалитет во производството на воени стоки согласно со македонските стандарди, односно според соодветните меѓународни и НАТО стандарди кои се прифатени во Републиката согласно со членот 41 од овој закон;

2. не обезбеди контрола на квалитетот, сигурност на воени стоки при увоз на воени стоки согласно со членот 42 од овој закон;

3. не организира и не ги спроведе мерките за заштита и безбедност на производството на воени стоки во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и другите прописи со кои се регулира заштитата и чувањето на тајните податоци на одбраната и безбедноста и постапувањето со експлозивни, запаливи и други опасни материи согласно со членовите 93 и 94 од овој закон;

4. не ангажираат или формираат служба и единици за обезбедување согласно со членот 94 од овој закон;

5. гради објекти во реоните на објектите во кои се врши производство, сместување и чување на воени стоки без согласност на Владата согласно со членот 95 од овој закон;

6. не донесе планови за техничко и физичко обезбедување и заштита од пожар на капацитетите за производство и на објектите за сместување и чување на воени стоки и други планови за спроведување на мерките за заштита и безбедност согласно со членот 96 од овој закон;

7. не се придржува кон прописите за мерките и начинот на обезбедувањето на превезувањето на воени стоки согласно со членот 98 од овој закон и

8. не води посебна евиденција за воени стоки со кои располага согласно со членот 99 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност производство на воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

За прекршоците утврдени во ставот 1 на овој член, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Член 110

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице производител на воени стоки, ако:

1. Пушти во промет воени стоки без да се исполнат условите од овој закон согласно со членот 6 став 3 и членот 50 став 1 од овој закон;

2. Врши увоз на воени стоки без претходно да изврши контрола на квалитетот на воени стоки согласно со членот 43 од овој закон;

3. Не ги извести Министерството и Министерството за внатрешни работи за исчезнувањето на воени стоки или на нивни делови веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, согласно со членот 99 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност производство на воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

За прекршоците утврдени во ставот 1 на овој член, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Член 111

Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице производител, односно вршител на промет со воени стоки, ако без согласност овозможи вложување средства на странски лица во трговско друштво што развива или произведува воени стоки согласно со членот 7 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност производство и промет со воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

Во случаите од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предметите со кои е извршен прекршокот.

За прекршоците утврдени во овој член, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Член 112

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на развој, производство и промет на воени стоки, ако не достави до Министерството примерок од секое решение за упис на промена во Централниот Регистар согласно со членот 25 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од став 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност производство и промет со воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

За прекршоците утврдени во овој член, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Член 113

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице вршител на развој, производство и промет на воени стоки, за сторен прекршок од членот 109 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот 1 на овој член.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност развој, производство и промет со воени стоки во траење од една до пет години.

Покрај глобата од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.

За прекршоците утврдени во овој член, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, инспекторот е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето (физичко лице) за прекршоците од ставот 1 на овој член.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 114

Лицата кои вршат развој, производство и промет на воени стоки се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон.

Член 115

Лицата кои имаат добиено согласност за вршење производство и промет на вооружување и воена опрема согласно со Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија” број 54/2002, 84/2007, 161/2009, 145/10, 119/13, 164/13, 41/14, 192/15, 39/16 и 64/18), до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да достават ново барање со придружни документи согласно со овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Лицата кои нема да постапат согласно со ставот 1 на овој член ќе се смета дека не поседуваат согласност да вршат производство и промет на воени стоки.

Член 116

Издадените дозволи за промет на вооружување и воена опрема, согласно со Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија” број 54/2002, 84/2007, 161/2009, 145/10, 119/13, 164/13, 41/14, 192/15, 39/16 и 64/18), продолжуваат да важат до истекот на рокот на нивното важење.

Член 117

Постапките за добивање согласност за вршење производство и промет на воени стоки и за добивање на дозволи за вршење и промет на воени стоки кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со одредбите на постојниот Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија” број 54/2002, 84/2007, 161/2009, 145/10, 119/13, 164/13, 41/14, 192/15, 39/16 и 64/18).

Член 118

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на актите од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат подзаконските акти кои се донесени врз основа на законите кои биле во важност до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 119

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија” број 54/2002, 84/2007, 161/2009, 145/10, 119/13, 164/13, 41/14, 192/15, 39/16 и 64/18).

Член 120

Одредбите на членот 51 став 8 од овој закон кој се однесува на издавање на глобалната дозвола ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 121

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.